До
Собранието на акционери
на БИМ АД Свети Николе

# И З В Е Ш Т А Ј
За работата на Одборот на директори на
БИМ а.д Свети Николе за период
01.01.2025 – 31.12.2025 година

Свети Николе, Април 2026 год.

Во текот на 2025 година Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе работеше согласно Законот за трговски друштва, Статутот и Општиот колективен договор од областа на стопанството, редовно заседаваше и ги превземаше потребните активности за непречено работење на Друштвото.

Во текот на 2025 година Одборот на директори работеше во следниот состав :

1.Стојанче Стојанов- Претседател на Одбор на директори
2.Слободан Ивановски-Извршен член– Генерален директор
3.Игор Стојанов–неизвршен член
4.Васка Костовска - неизвршен член
5.Тане Бошев- независен, неизвршен член

Во рамките на своите надлежности Одборот на директори ги вршеше сите активности поврзани со работата на друштвото освен оние за кој е надлежен повисокиот орган на управувањето а тоа е Собранието на акционери.

Во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година одржани се вкупно 34 состаноци на Одборот на директори и тоа во согласност со укажаните потреби на друштвото. На истите е запазено учеството на потребниот број на членови за одржување на потребниот кворум за работа и полноправно одлучување.

На состаноците беа разгледувани прашања од редовното работење на друштвото, а исто така и прашања од општ интерес на друштвото. Донесени се 136 (сто триесет и шест) одлуки.

Во овој период на состаноците на Одборот на директори се разгледуваше и одлучуваше по повеќе прашања и тоа :

- Разгледување на редовните извештаи поднесени од страна на Извршниот директор за работата на друштвото како и за финансиската состојба на истото. Сите извештаи беа позитивни и одобрени од Одборот на директори
- Разгледување на Годишен извештај и завршна сметка на Друштвото за 2025 година;
- Разгледување на извештајот од Централната пописна комисија по направениот годишен попис
- Се донесе одлука за вршење на попис со состојба 31.12.2025 година и за формирање на Централна пописна комисија
- Се донесе одлука за свикување на Собрание на акционери
- Се донесоа одлуки за донесување на нови ценовници за продажба и склучување на договори за соработка во земјата и странство
- Се донесе одлука за изменување и дополнување на Правилникот за организација на работни места-систематизација
- Се донесе одлука за усвојување на Организациска шема на БИМ АД Свети Николе
- Се донесоа одлуки за набавка на основни средства

- Се донесе одлука за одобрување на годишниот план за извршување на внатрешни ревизии за 2025 година
- Се разгледа и усвои Конечниот извештај од извршената ревизија на трошоци за резервни делови за одржување во производство и трошоците за исхрана на вработените
- Се разгледа и усвои Конечниот извештај за извршената ревизија во процес на набавка
- Се разгледа и се усвои Полугодишниот извештај од Службата за внатрешна ревизија на Друштвото
- Се донесе одлука за изработка на нов елаборат за ПП заштита
- Се донесоа одлуки за купување на државни записи
- Се донесе одлука за усогласување на Статут на БИМ АД Свети Николе со Законот за трговски друштва
- Се донесе одлука за исплата на регрес за годишен одмор
- Се одобри исплата на новогодишен надоместок за вработените во Друштвото
- Се одобрија средства за набавка на рекламен материјал за новогодишни подароци
- Се донесе одлука за осигурување на имотот на БИМ а.д. Свети Николе.

Од погоре наведеното може да се заклучи дека Одборот на директори на БИМ АД Свети Николе во текот на 2025 година редовно заседаваше и се запознаваше со проблемите во Друштвото и превземаше активности со цел да се обезбеди поуспешно работење на Друштвото.

Од ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
на БИМ АД Свети Николе